ПРЕПИС

РЕГИОНАЛНА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА
БИТОЛА
БР. 35
29.02.2008 ГОД.
БИТОЛА

# З А П И С Н И К

На 29.02.2008 год со почеток во 18 часот се одржа ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА РЕГИОНАЛНАТА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА БИТОЛА.

На овај состанок присутни се следните членови:
Миле Бошевски, Кочовски Ѓорѓи, Босилковски Зоранчо,Трајанов Пецо, Димче Палензовски, Трајковски Зоран, Сузана Христова, Дишковски Кире, Владимир Атанасовски Бошевски Ромео,оправдано отсутни Срнинoвски Бошко и Нешковски Миле.

За овај состанок предложен е следниот :

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР ЗА 2007 год.
2. ЗАВРШНА СМЕТКА ЗА 2007 год.
3. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2008 год.
4. ФИНАНСИСКИ ПЛАН за 2008 год.
5. ПРЕДЛАГАЊЕ НА НОВИ ЧЛЕНОВИ ЗА СОБРАНИЕ.
6. ОДЛУКИ ЗА ЧЛАНАРИНА И ТЕКОВНИ РАБОТИ ВО КОМОРАТА.
7. РАЗНО.

Бошевски Миле претседателот на Собранието истакна дека овај состанок е свикан да се даде отчет за работењето на Комората за 2007 год како и да се одберат и нови членови за Собрание и да се избери претседател на Собрание .Преку цело време се бара поголема активност од членовите и поголема присутност доколку некој не сака да биде биран треба да се каже ќе се избери некој друг кој сака да работи.

Дневниот ред се стави на гласање . Едногласно беше прифатен дневниот ред.

I Точка Извештај за работата на управниот одбор за 2007 год.

Кочовски Ѓорѓи како претседател на Управниот одбор даде извештај за работата за 2007 год.

Тој истакна дека како Комора ние секогаш се залагаме сите барања на занаетчиите да ги проследиме до повисоки органи како би се решиле одредени проблеми. Оваа година што измина 2007 повеќе бевме насочено кон законот за образование . Повеќе пати направени се средби со министерството за образование и поднесени се барања до министерот за програмите за полагање на мајсторски испит и заангажирани се лица да помогнат за да можиме да го спроведиме она што законот ни овозможува да го направиме.

ПРЕПИС

бр 55
29/2/08

Во законот за занаетчиство доста работи што ги предложивме се опфатени , по законот сите комори и си работаат во процедура е и законот за образование во однос на полагањата за мајсторски истпит ,полагање за уверение ,квалификации, обуки .Во нареден период ќе мора по активно да се почни на овие законски можности што ни се дадени во нашиот закон за занаетчиство.

Имавме ние сега брзо средба и со училиштата и со ССО од Скопје веќе во Скопје имаше пријавување за мајстори и тоа ние ќе мора по најхитно да го направиме .

Со надополнувањето на нови членови за собрание ќе мора Вие што ќе бидете избрани да продолжите со вакviот начин на работа и уште повеќе како што ние се залагавме повеќе години и со Ваша упорност ќе мора оваа работа да се работи сметам дека во Вас има некој потенцијал и активност . Занаетчиите комплетно се изедначени со правните лица се оди и на тоа да се реши со увозот на репроматеријалите.

Занаетчиите комплетно се изедначени со фирмите друштвата и во плати, придонеси и др. На времето немаше технолошки вишок, немаше дефинирани плати ,годишни одмори .Сите странки се информираат тука кај нас во Комората ништо не ги кошта да земат да си го платат придонесот за членарина а тој е 15о ден месечно и секоја информација ја имаат од прва рака .

Ве информирам дека и републиката комора и таа во најскоро време ќе добие и свое седиште ќе почниме по активно да фунцкионираме а од неа и зависи понатамошните активности наши се е поврзано со Републичката занаетчиска Комора. Таму моментално сум јас претседател на таа Комора има некои неусогласени работи со членовите на формираните занаетчиски Комори но сметам дека пополека се надминуваат работите.

Доста имаме работено како Комора на занаетчии за се ова што е сега но сега е поголема можноста за работење бидејќи е во функција на институција која со закон се регулирани работите и за регистрацијата на занаетчиите и за образованието (полагање за уврение, обуки, квалификации и полагање на мајсторски испити).

Едногласно се прифати извештајот што беше доставен од страна на Управниот одбор.

По втората точка од дневниот ред ЗАВРШНАТА СМЕТКА ЗА 2оо7 год претседателот на Собрание ја прочита и ја стави на дискусија и усвојување.

Претседателот на Собрание М"ле Бошевски истакна дека за овај период од о1.о1.2оо7 до 31.12.2оо7 год приходи има во износ од 394.454,оо ден

| | | |
|---|---|---|
| и тоа : | од членарина | 2о4.3о6,оо |
| | регистрација | 92.47о,оо |
| | услуги | 97.62о,оо |
| | камата | 58,оо |

Расходи ...........7о9.828,оо

канцалариски материјали
потрошена струја
фотокопирање
поштарина
птт услугителефон
репрезентација
закупнина
дневници
патни трошоци

фр 55
29/02/08

ПРЕПИС

за превоз
услуги по договор
нискоградба
вода
ѓубретарина
банкарски услуги
даноци договор на дело
исхрана за вработени
бруто плати

загуба.

Кочовски Ѓорѓи истакна дека финансискиот план е реално искажан во извештајот но работењето треба да биди по успешно а тоа ќе зависи понатаму од нас како да ги зголемиме прињодите дали тоа ќе биди од чланарина услуги, или од некоја донација ќе мора да се бара начин бидејќи имаме непокриени придонеси за вработените а тоа се должи од мали приходи што остануваат во Комората,

Палензовски Димче во ред е ова што е кажано во извештајот но сакам да знам дали имаме загуби од порано и од што е загубата.

Крстановска Вера истакна дека загубата се влечи од порано од тое што немаме земено плати и придонеси за четири години . Во 2оо7 год имавме регистрации од УНДП 16 од тие покривме 7 плати за 2оо6 год.

Финансискиот план едногласно беше прифатен и усвоен за 2оо7 год.

3. ТРЕТА ТОЧКА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2оо8 год.

Програмата беше прочитана од претседателот на Собрание Миле Бошевски и втавена на дискусија .

Босилковски Зоранчо истакна дека треба да се заинтересирани за нолагање на мајсторски испит и за полагање за уверение. Универзитетот работнички ја зголеми цената од 4.ооо на 6.ооо,оо дена ако тоа ние го работите ете еден извор на пари за комората . Ние сме сите заинтересирани за полагање на мајсторски испити она што Скопје го направило и ние ќе мора да го направиме тоа го рекоа на состанокот со министерството за образование . Поголема ангажираност од наша страна од нас членовите во Комората ова да го спроведиме.

Палензовски Димче истакна дека : како членови ќе мора да се организираме во смисол на тоа да се направи комисија комисијата да ја брка работата да види со кандидатите како ќе донесе став . Овие ќе бидат почесни мајстори како што направија во Скопје јас лично контакрирав со нив тие се пријавија околу 9о кандидати се плаќање по 5о еура .

Крстановска Вера истакна дека во законот треба да се усвојат програмите да излезат во служben весник и да се направи правилник за тоа полагање и да има по тој правилник кој критериуми треба да ги исполни кандидатот за да полага за мајстор така да најважно е тоа да се направи па послем да се бара за полагање за уверение.

№ 55
24/2/08

Дишковски Кире истакна дека во Германија треба да учи занает 3 огдини па послем да полага .

Крстановска Вера истакна дека:јас кога се запослив пред 31 година кај занаетчиите учениците изучуваа занает 5 години ќе потишеше мајсторот па потоа се полагаше во општината за уверение -стручно оспособување ,потоа се намали на три . Имавме ние доста деца во текот на годината ги распределувавме за автомеханичари, бравари, угостители, фризери, бербери и сл занаети и од нив кога ќе положеја станаа добри мајстори-занаетчии.

Од сознание од стари занаетии се полагало во Комората за уверение и сега послем толку години па таа привилегија ја има комората и ќе мора ние многу добро да се подготвиме за полагањето и квалификцаиите и обуките.

Се прифати програмата за 2оо8 година .

ЧЕТВРТА ТОЧКА : ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2оо8 год.

Бошевски Миле истакна дека финансискиот план е направен со показателите од 2оо7 год завршната сметка. Зголемени се приходите од 394.454 ,оо на55о.ооо,оо ден, расходите од 7оо.ооо ,оо денари тоа е реален расход направен во 2оо7 год .

Финансискиот план едногласно беше прифатен за 2оо8 год со образложение да се гледа приходите навистина да се згоеламат за да не доваѓа до загуба и да се гледа да се платат и трошоците за вработените придонесите и платите.

ПЕТТА ТОЧКА ПРЕДЛАГАЊЕ НА НОВИ ЧЛЕНОВИ ЗА СОБРАНИЕ:

Кочовски Ѓорѓи истакна дека треба да избериме нови членови за собрание и од нив да се ибери нов претседател на Собрание и еден заменик мој како претседател на Управен одбор и и надзорен орган.

Предложени се следните членови:

1. КОЧОВСКИ ЃОРЃИ,
2. Трајанов Пецо мтх.
3. МАТВЕЛКОВСКИ СЛОБОДАН
4. ЗДРАВЕВСКИ БОЖИДАР
5. ДЕРЕБАНОВ ТОМИСЛАВ -2мер
6. БОСИЛКОВСКИ ЗОРАНЧО - Фризер
7. ПАЛЕНЗОВСКИ ДИМЧЕ - ел.
8. ХРИСТОВА СУЗАНА
9. ВЛАДИМИР АТАНАСОВСКИ
10. МИЛЕ НЕШКОВСКИ
11. ДЕЈАН МАКАРИЈОСКИ
12. СРБИНОВСКИ БОШКО
13. ШУРБАНОВСКИ АЦО
14. БОШЕВСКИ РОМЕО - RTV.
15. ИЛИЕВСКИ БЛАГОЈЧЕ
16. ТРАЈКОВСКИ ЗОРАН

ПРЕПИС

№ 55
29/2/08.

17. ДИШКОВСКИ КИРЕ
18. МУСТАФОВСКИ СЕДАТ
19. БЛАГОЈЧЕ ЈОНЧЕВСКИ
2о. ТАСЕВСКИ ПЕЦЕ
21. БЛАГОЈЧЕ ЈОНЧЕВСКИ

Од стариот состав МАТЕВСКИ ТОМИСЛАВ,ПЕТРОВСКИ ЃОРЃИ,ЃОРЧЕВСКИ НИКОЛА БОШЕВСКИ МИЛЕ,НЕДЕЛКОВСКИ ТОДЕ,ГЕНЕВСКА ЈОВАНКА некој од нив се одјавени а некои несакаат да бидат понатаму членови на Собрание.

Зачленови на собрание предложени се следните членови;

1. КОЧОВСКИ ЃОРЃИ
2. ТРАЈАНОВ ПЕЦО
3. ВЕЛКОВСКИ СЛОБОДАН
4. ЗДРАВЕВСКИ БОЖИДАР
5. ДЕРЕБАНОВ ТОМИСЛАВ
6. БОСИЛКОВСКИ ЗОРАНЧО
7. ПАЛЕНЗОВСКИ ДИМЧЕ
8. ХРИСТОВА СУЗАНА
   ВЛАДИМИР АТАНАСОВСКИ
9. ~~милехонжевски~~
1о. МИЛЕ НЕШКОВСКИ
11. СРБИНОВСКИ БОШКО
12. БОШЕВСКИ РОМЕО
14. ТРАЈКОВСКИ ЗОРАН
15. ДИШКОВСКИ КИРЕ

ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕ Е ИЗБРАН БОСИЛКОВСКИ ЗОРАНЧЕ.

ЗА ВО НАДЗОРЕН ОДБОР:

1. ДИШКОВСКИ КИРЕ
2. АТАНАСОВСКИ ВЛАДИМИР
3. БОШЕВСКИ РОМЕО

ЗА ЧЛЕН ВО РЕПУБЛИЧКАТА ЗАНАТЧИСКА КОМОРА НА Р.МАКЕДОНИЈА ~~ПАЛЕНЗОВСК~~ ДИМЧЕ ПАЛЕНЗОВСКИ .

ПРЕПИС

Бр 59
24/12/06



Владимир Атанасовски истакна дека во градот се зборува дека има две комори и тоа трева да се рачисти. Исто така и со дипломите за мајсторски исшити и тоа треба да се расчисти.

Кочовски иснакна дека Комората е институција и таа е званична комора и ги има сите ингеренции што законот и ги дал .Во вас гледам дека има потенцијал за поголема активност да превземиме и оваа комора ја издигнеме онака како што таа заслужува ,бидејќи ние многу имамеж работено за оваа комора и многу сме постигнале. Вашето залагање нема да биди не наградено трудот што се вложува навистина ќе биде награден.

На состанокот се донесе следните одлуги:

1. КОМОРСКИОТ ПРИДОНЕС -ЧЛАНАРИНАТА ДА ИЗНЕСУВА 1.8оо,оо ден годишно месечно е 15о,оо ден.

Кога ќе се пуштат задолженијата за 2оо8 год да се направат и опомени за 2оо7 год.

Ослободување на членарина нема по никој основ.

2. ОДЛУКА ЗА ВИСИНАТА НА ДНЕВНИЦИТЕ 8оо ден.

3. ОДЛУКА ЗА ВИСИНАТА НА ПАТНИ ТРОШОЦИ И СХРАНА ЗА ВРАБОТЕНИТЕ.

Се донесе одлука за патни трошоци и исхрана онака како што е предвидено со закон .

4. ОДЛУКА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ФИРМА .

За регистрација на фирма занаетчиска 6.5оо ден вкупно(Комора, Централен регистар пријавување ).

За одобрение од вршители на занаетчиска дејност 2.900,оо ден .

4.ОДЛУКА ЗА ВРЕМЕН ПРЕСТАНОК НА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ [illegible],оо ден

5. ОДЛУКА ЗА ДЕФИНИТИВЕН ПРЕСТАНОК НА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ 3.5оо,оо

6. ОДЛУКА ЗА ПРОМЕНА НА ПРЕТЕЖНА ДЕЈНОСТ,ПРОМЕНА НА ДЕЛОВНА ПРОСТОРИЈА И ДРІ ПРОМЕНИ.....

7. ПОТВРДИ .......400 ден.

8. ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА РАБОТНИК.....5оо,оо

9. ЗА ОДЈАВУВАЊЕ НА РАБОТНИК .....3оо.оо

10. ОДЛУКА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ОСНОВИЦАТА ЗА ПРИДОНЕСОТ ЗА ПИО ЗА 2оо7 2оо8 год ЗА КРСТАНОВСКА ВЕРА на 16.ооо,оо ден.

11. ПРИДОНЕСОТ ДА СЕ БАРА ДАЛИ Е ПЛАТЕН И ПОСЛЕМ ДА СЕ ВРШИ УСЛУГА.

12. ОДЛУКА ЗА УПИС( ПРЕРЕГИСТРАЦИЈА ) НА ЗАНАЕТЧИИ ....

Одлуките едногласно беа прифатени и речено е веднаш да се применуваат.

55 29/02/08

ПРЕДМЕТ



Во врска со одлуката за зголемување на основицата за ПИО за 2007,2008 година на 16.000,00 ден за Крстановска Вера претседателот на Собрание Миле Бошевски истакна дека ова се прави со цел да се помогни бидејќи повеќе години не е платен придонесот за ПИО и платите а има Вера пет години пред пензија и можеби сака да оствари и некое друго право.

Едногласно се прифати одлуката и да се спроведи во плаќањето за ПИО за 2007 и 2008 год .Одлуката да се достави и до книговодството за да се спроведи.

записничар
Крстановска Вера

Претседател
Бошевски Миле